ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштваи член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 27.05.2025 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За стекнување на сопствени акции со откуп

### Член 1

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу 5.048 обични акции, кои, заедно со сопствените акции што Друштвото ги има стекнато претходно, не надминуваат 10% од основната главнина на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

### Член 2

Откупот на акциите да се спроведе на начин пропишан со применливите прописи, преку Македонската берза за хартии од вредност.

### Член 3

Минималната купопродажна цена за стекнување на сопствени акции се определува на износ од 4.305,00 денари по акција, додека максималната цена за стекнување на сопствени акции се определува на износ од 6.150,00 денари по акција.

### Член 4

Откупот на сопствените акции да се изврши во рок од 12 месеци сметано од денот на донесувањето на оваа одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

### Член 5

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите со законски пропишани дејствија за реализација на оваа одлука, вклучително, но не ограничувајќи се на издавање на овластување на овластено лице кое во име и за сметка на Друштвото ќе ги спроведува потребните активности во врска со стекнувањето на акциите.

### Член 6

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ,